**20151644687**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на 17-у став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15 и 129/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистар на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 2

Регистарот на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа (во натамошниот текст: регистарот) се води во форма на книга со димензии 50 x 30 см на образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Книгата е укоричена со корица од тврда хартија во црвена боја. Книгата ја сочинуваат страници кои се нумерирани и сврзани со конец.

Регистарот се заверува на внатрешната страна од задната корица.

Член 3

На предната страна на корицата на книгата, во левиот горен агол, е отпечатен грбот на Република Македонија, под него централно поставено со црни букви: „Република Македонија" и „Министерство за труд и

социјална политика", под него „Државен инспекторат за труд". Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст: „РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА".

Страниците на книгата содржат рубрики, во кои се впишуваат следните податоци:

1. Реден број
2. Регистарски број на уверението,
3. Име и презиме на носителот на уверението,
4. Датум на раѓање,
5. Место на живеење и општина,
6. Стручниот назив од дипломата за завршено образование,
7. Датум на издадено уверение,
8. Датум на одземено уверение и
9. Забелешка.

Секоја страница од регистарот се означува со реден број и страницата 1 се повторува до страница 100.

Член 4

Запишувањето во регистарот се врши најдоцна осум дена од денот на издавање или одземање на уверението за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 5

Запишувањето во регистарот се врши со темно сино мастило.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст.

Секое запишување во регистарот се потпишува од страна на службеното лице што го води регистарот, овластено од страна на директорот на Државниот инспекторат за труд.

Секоја исправка која се врши во хартиената форма на регистарот се спроведува и во електронската форма согласно одредбите од член 6 од овој правилник.

Член 6

Регистарот се води и во електронска форма од страна на овластеното лице од директорот на Државниот инспекторат за труд.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-7218/4
21 септември 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

| Реден бр. | Регистарски број на уверението | Име и презиме на носителот на уверението | Датум на раѓање | Место на живеење и општина | Стручниот назив од дипломата за завршено образование | Датум на издадено уверение | Датум на одземено уверение | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Страницата 1 се повторува до страница 100